**20240170410**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОМУНАЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за комуналните дејности,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 22 јануари 2025 година.

Бр. 08-396/1
22 јануари 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОМУНАЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ

Член 1

Во Законот за комуналните дејности („Службен весник на Република Македонија“ број 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 302/20, 255/24 и 3/25) членот 30-а се менува и гласи:

„(1) Со Државниот комунален инспекторат раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија.

(2) За именување на директор се објавува јавен оглас во два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(3) За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Северна Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна затвор или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен - Правен или Економски факултет;

4) има најмалку шест години работно искуство по дипломирањето, во соодветната област;

5) поседува уверение, сертификат или друг документ за положен испит за познавање на еден од четирите најчесто користени јазици во Европската Унија (англиски, француски, германски и италијански) на ниво Б2 од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на оваа услуга и

6) поседува потврда за активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.“.

Член 2

Вработените, опремата, инвентарот и другите работи, архивата, документацијата, средствата за работа, побарувањата и намирувањето на обврските, како и другите средства од Државниот комунален инспекторат се преземаат во Министерството за транспорт, најдоцна во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 3

Директорот на Државниот комунален инспекторат именуван до денот на влегувањето во сила на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.